**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 448

**ГОДИНА XXXIX, Битола, 09.11.2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА**

Реферат за доделување титула *Почесен доктор на науки (Doctor Honoris Causa)* на проф. д-р Срѓан Дармановиќ, редовен професор на Универзитетот на Црна Гора во Подгорица и Министер за надворешни работи на Црна Гора ..................................................... 1

# Р Е Ф Е Р А Т

за доделување титула *Почесен доктор на науки (Doctor Honoris Causa)* на проф. д-р Срѓан Дармановиќ, редовен професор на Универзитетот на Црна Гора во Подгорица и Министер за надворешни работи на Црна Гора

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и член 231 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, по предлог–иницијативата поднесена од Ректорот проф. д-р Сашо Коруновски, бр. 14-1519/3 од 31.10.2018 година, Комисијата за наставно-научни прашања и Комисијата за соработка со универзитетите во земјата и странство, на заедничката седница одржана на ден 31.10.2018 година, донесоа одлука за формирање на рецензентска комисија во следниот состав: д-р Тони Дескоски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Димко Кокароски, редовен професор на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола и д-р Горан Илиќ, вонреден професор и Декан на Правниот факултет во Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола.
По разгледувањето на приложената документација за кандидатот го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Проф. д-р Срѓан Дармановиќ е роден на 18 февруари 1961 година во Цетиње, Црна Гора. Дипломирал во 1985 година на Факултетот за Политички науки, насока за Меѓународни односи на Универзитетот во Белград, Република Србија. Во јуни 1994 година, на истиот факултет ја одбранил магистерската теза на тема „Современите либерални теории при распадот на Реал-социјализмот”. Докторирал во октомври 2002 година на Правниот

факултет при на Универзитетот на Црна Гора во Подгорица на тема „Демократските транзиции и консолидации во Јужна и Источна Европа”.

**Професионална активност:**

По дипломирањето на Факултетот за политички науки во Белград, проф. Дармановиќ е избран за Директор на новооснованиот Итражувачко-издавачки центар на Сојузот на Социјалистичката младина на Црна Гора, подоцна Младински совет на Црна Гора.

За асистент-соработник на Правниот факултет на Универзитетот на Црна Гора, во Подгорица е избран во 1993 година.

Во 2003 година бил избран за *Доцент* на предметите Современи политички системи и политички и правни терории на Правниот факултет на Универзитетот на Црна Гора. Во 2008 година е избран за *Вонреден професор* на Факултетот за политички науки. Во 2017 година е избран за *Редовен професор* на научната област Компаративна политика на Факултетот за политички науки во Подгорица.

Во текот на кариерата извршувал и други значајни функции на Универзитетот на Црна Гора во Подгорица. По основањето на Отсекот за политички науки на Правниот факултет во 2003 година бил избран за негов раководител. Во 2006 година, по основањето на Факултетот за политички студии на Универзитетот на Црна Гора, во коешто тој активно учествувал, избран е за прв декан на новооснованиот Факултет, должност којашто ја извршувал до 2010 година.

Проф. Дармановиќ бил и член на основачкиот совет на Дипломатската академија при Министерството за надворешни работи на Црна Гора во 2003 година, а од 2006-2010 година бил Претседател на Советот на Дипломската академија.

Во текот на академската кариера бил визитинг предавач на повеќе угледни светски универзитети како што следува:

- Универзитетот Џорџтаун/Џон Хопкинс (Georgetown/John Hopkins University) во Вашингтон, САД,
- Универзитетот Ла Сапиенца (La Sapienza Università) во Рим, Италија,

- Универзитетот Колби (Colbi University) во Мејн, САД,
- Универзитетот во Хамбург (Universität Hamburg) во Хамбург, Германија
- Универзитетот во Белград (Универзитет у Београду) во Белград, Србија,
- Универзитетот во Љубљана (Univerza v Ljubljani), Љубљана, Словенија,
- Институтот за надворешни работи (*Institute of Foreign Affairs),* Бумпешта, Унгарија и
- Институтот за безбедносни студии (*Institute for Security Studies),* Женева, Швајцарија.

**Членство во професионални здруженија:**
Проф. д-р Срѓан Дармановиќ, е основач и Претседател Центар за демократија и човекови права (Centar za demokratiju i ljudska prava – CEDEM), невладина think tank организација со седиште во Подгорица, Црна Гора, од 1998-2010 година.

Член е на Венецијанската комисија при Советот на Европа (европска комисија за право и демократија) од 2005 година до денес.
Проф. Дармановиќ вршел и значајни државни функции, како што следи:

- бил амбасадор на Црна Гора во САД, од 2003-2010 година
- од 28 ноември 2016 година е Министер за надворешни работи на Црна Гора,
- бил член на Сојузниот парламент на СР Југославија, 1992-1996 година.

**Наставна (предавачка) активност:**
На Факултетот за политички науки и на другите високообразовни институции ги држел и ги држи следните курсеви на првиот, вториот и третиот циклус на студии:

- Вовед во политичките науки,
- Политички систем на Црна Гора,
- Современи политички системи,
- Партии и партиски системи,

- Компаративни транзиции и
- Решавање на меѓународните судири во ерата по студената војна

**Резултати од научната и наставната работа:**

Проф. д-р Срѓан Дармановиќ, досега самостојно објавил две книги:

- „Изобличена демократија - драма на Југословенскиот пост комунизам (Izobličena demokratija: drama jugoslovenskog post komunizma)", Белград, Србија; и
- „Реал-социјализам: Анатомија слома (Real-socijalizam: Anatomija sloma)", Подгорица, 1996 година.

Во периодот од 2003 година наваму, проф. Срѓан Дармановиќ е коавтор на следните објавени книги:

- „Авторитаризам и демократија: Србија, Црна Гора, Хрватска – инстутуционална рамка (Autoritarizam i demokratija: Srbija, Crna Gora, Hrvatska – institucionalni okvir)", Белград, 2003,
- „Помеѓу авторитаризмот и демократијата: Србија, Црна Гора, Хрватска – цивилното општество и политичката култура (Izmedju autoritarizma i demokratije: Srbija, Crna Gora, Hrvatska – civilno društvo i politička kultura)", Белград, 2004,
- „Референдумот во Црна Гора во 2006 (Referendum u Crnoj Gori 2006)", Подгорица, 2006,
- „Изборите и изборното законодавство во Црна Гора, 1990-2006) (Izbori i izborno zakonodavstvo u Crnoj Gori 1990-2006)", Подгорица, 2007,
- „Европа и Америките, Трансатланските пристапи кон човековите права (Europe and Americas, Transatlantic Approaches to Human Rights)", Копнхаген, 2015,
- „Изборниот и партиските систем во Црна Гора – перспективите на меѓупартсиката демократија (Izborni i partijski sistem u Crnoj Gori - perspektive međupartijske demokratije)", Подгорица, 2016.

Проф. Дармановиќ е автор на научни статии објавени во престижните меѓународни научни списанија: Journal of Democracy од Вашингтон (САД); East European Constitutional

Review од Њујорк (САД) и Будимпешта (Унгарија) и „Südosteuropa” од Минхен (Германија). Меѓу позначајните негови статии се идвојуваат:

- „The Never-Boring Balkans: The Elections of 2016”, Journal of Democracy, Volume 28, Number 1, 2017, стр. 116-128;
- „Montenegro: A Miracle in the Balkans?” Journal of Democracy Volume 18, Number 2, 2007, стр. 152-159;
- „Montenegro: The Dilemmas of a Small Republic”, Journal of Democracy Volume 14, Number 1, 2003, стр. 145-153;
- „Stability and Continuity in Montenegro. Montenegro after a rather uninteresting round of presidential elections”, Südosteuropa Miteilungen, 43 (4), 2003, стр. 22-32,
- „Montenegro: Destiny of a Satellite State”, Eastern European Reporter, 27, March-April 1992, стр. 27-29,
- „Dugotrajne nekonsolidovane demokratije: slučaj Ukrajine”, CIVIS – Montenegrin Journal, vol. 2, number 2, 2013, стр.1 21-40.

Бил член на меѓународната истражувачка група во Аспен (САД), којашто ја објави книгата /извештај „Иднината на Балканот” (работни сесии: Берлин, сараево, Истанбул, 1997-98).
Два пати во својство на експерт сведочел пред Хелсиншката комисија на Конгресот на САД (1998 и 2000 година).
Проф. Дармановиќ бил и колумнист на дневниот весник „Наша Борба” од Белград, Србија (1990-1999 година) и Црногорскиот неделник „Монитор” (1994-2004 година).

**Уредништво и членство во редакциите на научните списанија и библиотеки:**

- Член е на уредувачкиот одбор на научното списание „Montenegrin Journal of Political Science (CIVIS)”, од Подгорица.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната приложена документација и податоците кои се однесуваат на наставната, научно-истражувачката и професионалната дејност на проф. д-р Срѓан Дармановиќ, Рецензентската комисија има чест и задоволство да констатира дека станува

збор за исклучителна личност, кој имала многу богата професионална кариера исполнета со бројни објавени трудови. Проф. Дармановиќ има остварено и многу успешна политичка кариера, во којашто бил носител на највисоки државни функции. Во овој момент тој е Министер за надворешни работи на Црна Гора Гора и има многу значаен придонес во Евро-Атлантската интеграција на Црна Гора. Во исто време, неговата дејност е насочена и кон помош и поттикнување на останатите држави од Регионот на Евро-Атлантскиот пат, а кон Република Македонија секогаш покажувал високо ниво на пријателство. Посебно проф. Срѓан Дармановиќ се ангажираше и направи многу за воспоставување и развојот на соработката меѓу Универзитетот на Црна Гора од Подгорица и Универзитетот „Св. Климент Охридски" –Битола.

Врз основа на сето тоа, Рецензентската комисија по предлог-иницијативата на Ректорот проф. д-р Сашо Коруновски има посебна чест да ѝ предложи на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола да го прифати Рефератот и да донесе Предлог – Одлука за доделување на титулата **Почесен доктор на науки** *(Doctor Honoris Causa)* на проф. д-р Срѓан Дармановиќ на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола и истата да ја достави на усвојување на Сенатот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

д-р Тони Дескоски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

д-р Димко Кокароски, редовен професор на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола

д-р Горан Илиќ, вонреден професор и декан на Правниот факултет во Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола